Оваа година Вашата промоција ќе се одвива во рамките на Свечената академија организирана по повод јубилејот 55 години од основањето на Факултетот за електротехника и информациски технологии.

# АГЕНДА

- Доаѓање во холот на МНТ- новиот објект во објавениот термин (распореден по број на диплома);
- Подигнување на свечената одора, (се остава личната карта);
- Добивање на билет со број на седиште и лист хартија со број на диплома;
- Облекување на свечената одора и редење за свечено доделување на дипломата;
- Деканот ја врачува дипломата;
- Фотографирање;
- Потпишување во матичната книга на дипломирани;
- Дружење со наставниците и колегите;
- Во 20:00 часот влегување во салата на МНТ;
- Седнување на местата определени според билетите;
- По музичкиот дел се повикуваат дипломците да пристапат на бината по следниот редослед: магистрираните (се искачуваат на најгорните скали), дипломираните по старите наставни планови и програми (се редат на скалата пред магистрите), а потоа дипломираните според ЕКТС (се редат на скалите пред веќе излезените дипломци);
- Наградените студенти застануваат пред сите (во првиот ред);
- Се доделуваат наградите;
- Деканот секоја група одделно ја промовира кога ќе излезе на бината;
- Враќање на одорите по завршување на свеченоста;
- Коктел;

<u>Ве молиме да го почитувате времето и редоследот на активностите.</u>

**Ви посакуваме убава вечер.**

**Деканат на Факултет за електротехника и информациски технологии во Скопје.**